**20151845158**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 188 и член 215 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14, 115/14, 116/15 и 153/15), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ОБЈЕКТИ

Член 1

Во Правилникот за запишување на инфраструктурните објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 64/14, 183/14, 56/15 и 147/15), во член 15 став (4) по зборовите: „одобрение за градење“ се додаваат зборовите: „/решение за изведување на градбата, односно поставување на опремата“.

Во ставот (5) по зборовите: „со одобрението за градење“ се додаваат зборовите: „решението за изведување на градбата, односно поставување на опремата“.

Член 2

Во член 19 став (1) по зборовите: „правосилното одобрение за градење на инфраструктурен објек“ се додаваат зборовите: „/решение за изведување на градбата, односно поставување на опремата“.

Во ставот (2) по зборовите: „правосилно одобрение за градење“ се додаваат зборовите: „/решение за изведување на градбата, односно поставување на опремата“.

Член 3

Во член 20 став (2) по зборовите: „од приложеното одобрение за градење“ се додаваат зборовите: „/решение за изведување на градбата, односно поставување на опремата“.

Член 4

Во член 21 став (1) по зборовите: „со одобрението за градење“ се додаваат зборовите: „/решението за изведување на градбата, односно поставување на опремата“.

Член 5

Во член 22 по зборовите: „за издавање на правосилното одобрение за градење“ се додаваат зборовите: „/решение за изведување на градбата, односно поставување на опремата“.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0101-5087/4
21 октомври 2015 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Анета Јорданова**, с.р.